АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ-СКОПЈЕ**

-УПРАВЕН ОДБОР-

# ГОДИШЕН ПЛАН

**за спречување корупција во АД „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост -Скопје**

**за 2024 година**

Скопје, декември 2023

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Врз основа на член 20 од Статутот на АД „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост - Скопје, заклучоците на Владата на Северна Македонија бр. 40-2929/1 од 2.3.2021 година и врз основа на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на РСМ бр. 12/2019 година) Управниот одбор на АД ЕСМ Скопје, на состанокот одржан на 25.12.2023 година, донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН
# за спречување корупција во АД „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост - Скопје, за 2024 година

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поаѓајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството, ја поткопува правната држава и нејзината иднина, неопходно е борбата против ова зло да биде постојана обврска на секој граѓанин. Главна задача на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост - Скопје, (во понатамошниот текст: АД ЕСМ-Скопје), во 2024 година, е да ги продолжи активностите започнати во 2023 година, имајќи ги во предвид целите на Годишниот план за спречување корупција, а пред сè промовирајќи висок степен на интегритет и нула толеранција на корупцијата и судирот на интереси.

АД ЕСМ Скопје воспостави систем со кој се овозможува зајакнување на службите во Друштвото за борбата со корупција и судир на интереси со цел навремено препознавање на ризиците од корупција, предлагање соодветни мерки за отстранување на ризиците и санкционирање на сторителите.

Начинот на којшто АД ЕСМ ги презема своите активности ќе одговори на потребата да се изнајде соодветен и ефикасен начин за справување со корупцијата во сопствените редови, и на превентивен и репресивен начин ќе ги оспособува и ќе ги зајакнува нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна и практична борба против корупцијата. Едновремено, ќе настојува да воспостави систем за да се развиваат и да се применуваат ефикасни и функционални механизми со коишто ќе се намалат ризиците од корупција.

Посебен акцент во справувањето со корупцијата во 2024 година ќе биде ставен на унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените од кои се очекува при извршувањето на задачите да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност, и да работат во полза на Друштвото и на зголемување на продуктивноста.

тел.:+389 (0)2 31 49 278, факс: +389 (0)2 31 49 176; www.esm.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk

Обврска на сите вработени е при извршување на работните задачи да постапуваат во согласност со правилата, прописите и професионалните стандарди што се применуваат во Друштвото. Потребно е секој вработен да го почитува етичкиот кодекс на однесување, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да и се спротивстави на корупцијата.

Никој не смее да биде исклучок при утврдување одговорност за коруптивно однесување, како што никој нема мандат да го попречува, да го ограничува или на кој било начин да го разводнува процесот на утврдување одговорност.

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

АД ЕСМ-Скопје ги презема сите мерки и активности за препознавање и спречување на сите облици на корупција што можат да се појават на сите нивоа во Друштвото.

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на вработените преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива и санкционирање на сите форми на корупција.

Во согласност со Годишниот план за спречување корупцијата за 2023 година АД ЕСМ Скопје продолжи со континуирана борба против корупцијата.

Во таа насока АД ЕСМ ја зголеми транспарентноста и отчетноста при спроведување на постапките за јавни набавки, управување со човечките ресурси (вработувањето, етичкото и професионалното однесување на вработените, овластувањата и сл.), како и надлежностите што имаат финансиски импликации (донации, спонзорства, подароци);

Во услови на енергетка криза кога друштвото се соочи директно со последиците од кризата и постоењето на кризна состојба во снабдување со електрична енергија, прогласена со Одлука на Владата на РСМ бр. 40-11328/1 од 09.11.2021 година, продолжена со Одлука на Собраните на РСМ бр.08-5211/1 од 09.12.2021 година, Одлука на Владата на РСМ за постоење на кризна состојба во снабдувањето со ЕЕ бр. 41-7438/1 од 25.08.2022 година и Одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на РСМ, заради недостиг на ЕЕ и состојбите на пазарите на ЕЕ бр. 08-4043/1 од 30.09.2022 година донесена од Страна на Собранието на РСМ која трае и во моментот на изготвување на Годишниот план за корупција, АД ЕСМ Скопје продолжи со своето транспарентно работење и достапност на информации за начинот на справување со енергетската криза. Во тој контакст се превземаа одредени мерки заради намалување на трошоците на Друштвото за справување со енергетската криза и се зголеми контролата на начинот на трошење на финансиските средства.

Имајќи го предвид наведеното, Антикорупциската програма на АД ЕСМ-Скопје за 2024 година, особено внимание ќе посвети на следните аспекти:

- сигурна комуникација и надградба на веб- страницата на Друштвото со цел да се запознаат вработените за начинот на функционирање на Комисијата за борба против корупција и начинот на пријавување на различни форми на корупција, со што вработените ќе се поттикнат да увидат и да спречат појава на корупција и судир на интереси во Друштвото;
- професионализација, департизација и деполитизација на вработените во Друштвото;
- јакнење на интегритетот на вработените во Друштвото;
- доследно почитување на Кодексот за етика, на Колективниот договор и Статутот на Друштвото;
- доследно спроведување на сите процедури и интерни акти на Друштвото;
- превенција од аспект на отстранување на условите што овозможуваат корупција;
- континуирана и специјализирана обука на вработените;
- јакнење на довербата на вработените и мотивирање да пријават корупција;
- зајакната контрола и надзор на јавните набавки;
- зајакнување на соработката во борбата против корупцијата со Државната комисија за спречување корупција и судир на интереси;
- јакнење на принципите на отчетност и транспарентност во работењето на Друштвото.
- следење на препораките и превентивните мерки сè со цел нивна соодветна имплементација;
- следење на состојбите во Друштвото заради превенирање појави на нови ризици од корупција;
- разгледување на проценета на ризик од корупција и адаптирање на состојбата за наредната година;
- изготвување регистар на ризици, а доколку се детектираат и на подризици;
- зголемена контрола на овластувањата и надзор при нивното спроведување, и
- транспарентност при изборот за вработување.

## НАЧИН НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Годишниот план за спречување корупција во 2024 година АД ЕСМ Скопје ќе го спроведува преку имплементација на следните активности:

Членовите на Управниот и на Надзорниот одбор при извршување на своите обврски, овластувања и работни задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес, доследно ќе се придржуваат кон начелото на законитост (законите, подзаконските акти, интерните акти на Друштвото, како и стандардните правила и процедури на АД

ЕСМ-Скопје), и доследно ќе водат сметка за начелото на еднаквост, начелото на јавност, недискриминација или овозможување повластица на некого.

Највисокото раководство на Друштвото ќе обезбеди услови така што на сите нивоа ќе се работи во согласност со законите, подзаконските акти, интерните акти на Друштвото и Кодексот на етика, со единствена цел превенција на каква било можност за појава на корупција и навремено отстранување на неправилности во работењето, вклучувајќи ги тука и подружниците.

АД ЕСМ-Скопје преку својата Комисија ќе има континуирана соработка со Државната комисијата за борба против корупцијата и судир на интереси, како и со други надлежни државни органи и институции, во согласност со начелото за заштита и одговорност.

АД ЕСМ-Скопје преку својата Комисија ќе врши континуирана процена на ризик за спречување односно намалување на можностите што можат да доведат до појава на корупција, преку внимателна анализа на веќе утврдените ризици и степенот на веројатност тие да се појават, да се повторат и сл. Истовремено, и при вршење на службените обврски, овластувања, работни задачи е потребно навремено преземање мерки за отстранување на сите можности за појава на корупција и судир на интереси.

Спречување на можностите што можат да доведат до појава на корупција се спроведува и преку континуирана и специјализирана обука на вработените и нивно стручно оспособување и усовршување, како и преку следење на имплементацијата на интерните акти и процедури за работа за непречено спроведување на работните процеси во Друштвото.

АД ЕСМ-Скопје ќе преземе активности при селекција и избор на нововработени, преку задолжително формирање комисија којашто ќе има обврска да ја испитува доставената документација на секој кандидат, и да спроведе интервју со секој од кандидатите, по што ќе изврши селекција на најдобрите кандидати, водејќи сметка за нивните компетенции во согласност со работните места за кои се врши избор.

АД ЕСМ-Скопје ќе ја зајакне контролата и надзорот на јавните набавки во Друштвото преку забрана за лично влијание на раководни структури во Друштвото и на вработените кои се директни учесници во постапките за јавни набавки, почнувајќи уште од фазата на подготовка на подлогите односно техничките спецификации, тендерската документација, па сè до одлуката за избор на најповолна понуда.

Со објавување на сите документи кои произлегуваат од Законот за јавни набавки на официјалната веб страница на АД ЕСМ-Скопје и на официјалната веб страница на Бирото за јавни набавки.

ЕСМ
ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на АД ЕСМ-Скопје постапките за јавни набавки се спроведуваат и ќе се спроведуваат од вработени лица сертифицирани за спроведување на јавни набавки согласно Законот за јавни набавки.

АД ЕСМ – Скопје преку Лицето назначено за известување за неправилности и сомнежи за измами или корупција континуирано ќе доставува Извештаи за добиени пријави за неправилности и сомнежи за измами или корупција при користење на јавните средства до Управата за финансиска полиција во РСМ.

АД ЕСМ –Скопје ќе продолжи да презема активности за подигање на свеста на вработените за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачи и ќе се грижи за транспарентност во постапката за поднесување на пријави од укажувачи до АД ЕСМ-Скопје која се спроведува согласно Правилникот за заштитено внатрешно пријавување на АД ЕСМ-Скопје.

АД ЕСМ-Скопје секогаш ќе ја спроведува обврската за јавност, отчетност и транспарентност во сите деловни настани што се од делокруг на работата на Друштвото, при што редовно на својата веб- страница ќе објавува информации за работни средби, податоци, извештаи, правилници и постапки што се информации од јавен карактер и се од интерес на јавноста.

**ЗАКЛУЧОК**

Годишниот план за спречување на корупцијата во АД ЕСМ-Скопје има цел со воспоставениот систем за борба против корупцијата да придонесе за спречување на незаконски дејанија, а препознаените ризици да се намалат и доведат до минимум, со што АД ЕСМ-Скопје ќе покаже дека е една во водечките компании која сериозно се зафатила со оваа појава и успеала да елиминира голем дел од можностите за извршување коруптивни дела.

**УО бр. 02-7980/492/11.1**
**25.12.2023 година**
**Скопје**

**Претседател,**
**Васко Стефанов**